РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 0202-26113/1
17-10-2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), а во врска со Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.86/17) и Мислење бр.0309-22171/2 од 14.09.2017 година, Управниот одбор на Агенција за катастар на недвижности, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на распоредот на работното време во Агенција за катастар на недвижности**

**член 1**

Распоредот на работното време во Агенцијата за катастар на недвижности се утврдува со почетокот на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа. Паузата во текот на работното време во Агенцијата за катастар на недвижности ќе се користи од 12:00 до 12:30 часот во вкупно времетраење од 30 минути.

**Член 2**

Од распоредот на работното време утврден во член 1 се изема Одделението за шалтерско работење при Центарот за катастар на недвижности – Скопје, каде работно време ќе се одвива двосменски од 07:30 до 15:30 часот и од 12:00 до 20:00 часот. Паузата во текот на работното време во Одделението за шалтерско работење во прва смена е од 11:00 до 11:30 часот или од 12:00 до 12:30 часот, а во втора смена од 15:00 до 15:30 часот или од 15:30 до 16:00 часот.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 01.11.2017 година. Со влегувањето на сила на ова Одлука престанува да важи Одлуката бр.0202-4058/1 од 09.03.2016 година.

ДОСТАВЕНО ДО:
- сите вработените
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за информатички и комуникациски технологии
- архива

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател
Дејан Ампев